“ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД” Куманово

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
## За период 01-12 2020 година

**Март, 2021**

**Служба за внатрешна ревизија**

# Содржина:

1. Вовед....................................................................................................3
2. Извршени ревизии за работењето на ФЗЦ 11 Октомври за период 01-12 2020 година....................................................................................................4
3. Предложени мерки и нивно спроведување..................................................6
4. Реализација на поставените цели според годишниот план на Службата за внатрешна ревизија..........................................................................6
5. Годишен план за 2021 година.........................................................................7

# Вовед

Службата за внатрешна ревизија врши постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на друштвото, преку следење на усогласеноста на огранизацијата и дејствувањето на друштвото во согласност со кодексот за корпоративно управување.. Целта на оваа служба е да утврди дали и како се применуваат процедурите, регулативата и стандардите, дали средствата се користат ефикасно и економично и дали се остваруваат целите на компанијата.

Предмет на ревизија се позначајни сегменти од работењето на друштвото кои се предвидени и опфатени во Годишниот план за ревизија, контрола на некој настан во компанијата случајно воочен од страна на ревизорот како и по налог на ограните за управување или одговорниот раководител.

Ревизорски техники кои се употребувани во текот на ревизијата се набљудување на процесите, непосреден увид во документација, интервјуа со непосредни извршители, статистичка контрола и метод на статистички примерок или целосна контрола.

**Извршени ревизии за работењето на ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово за период 01-12 2020 година.**

Во текот на 2020 година Службата за внатрешна ревизија вршеше ревизорски активности во согласност со доставениот Годишен план за ревизија во кои беа опфатени следните точки:

- Процес на имплементација на нов софтвер во делот на архивско работење ДИГИТ.
- Процес на имплементација на нов софтвер во делот на плата и персонална евиденција на вработени ACCESS
- Процес на имплементација на нов софтвер во делот на евиденција на работно време ID TECK
- Новонабавена опрема за линија 610 односно ултразвучни апарати, опрема за плазма сечење и ПЛЦ уред за тестера

Вршењето на ревизијата беше во согласност со Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија.

**1. Процес на имплементација на нов софтвер во делот на архивско работење ДИГИТ:**

Сектор архива во првиот квартал од 2020 година започна со работа во нов софтвер наменет за аривско работење имплементиран од страна на ДИГИТ. Ако претходно се работеше исклучиво во писмена форма во деловодните книги сега се работи со електронски внес на сите записи во електронска деловодна книга како и книги за влезни и излезни фактури. Секоја влезна фактура се евидентира со име на фирма, даночен број, број и датум на фактура. На ист начин се евидентираат и излезните фактури. Програмот нуди полесно наоѓање на потребен документ, овозможува увид во влезни и излезни документи во архива и од страна на сектор на човечки ресурси и други служби на кои им е овозможен пристап и дадена согласност да располагаат со влезна и излезна документација. Следно за надградба на овој систем е планирано да се

скенираат сите документи за да може да се најдат во моментот кога се потребни. Паралелно со ова се потполнуваат и книгите на стариот начин на работа за дупла евиденција.

**2. Процес на имплементација на нов софтвер во делот на плата и персонална евиденција на вработени ACCESS и имплементација на нов софтвер во делот на евиденција на работно време ID TECK.**

Двата софтвера ќе ги анализираме заедно бидејќи се поврзани еден со друг. Со новиот програм за плата и евиденција на работно време, е многу поедноставена работата.

Со програмот за евиденција на работно време автоматски се прикажуваат работните сати на секој работник поединечно, корекција се прави на работните сати доколку е на одмор или на боледување. Извештаите што се потребни на дневно и месечно ниво, се вадат автоматски со можност поединечно или збирно за сите работници.

Новиот програм за плата, како и програмот за персонална евиденција се поврзани еден со друг, и со самото внесување на сите податоци во персоналната евиденција, како и било каква промена на плата(намалување, покачување и казни и награди) автоматски податоците се абдејтираат и во ппрограмот за плата.

Сите извештаи што се потребни за Човечки ресусри,Економика и финансии и Правна служба на поедноставен и побрз начин се подготвуваат и доставуваат.

**3.Новонабавена опрема за линија 610 односно ултразвучни апарати, опрема за плазма сечење и ПЛЦ уред за тестера.**

Поради дотрајаност на претходен уред набавен е нов ултразвучен апарат на на линија 610 и ставен во употреба на крајот на 2019 година, а се користи за безразорна контрола на топловалана трака и завар на цевки.

Стариот постоечки систем кои функционираше со електронски картички е заменет со нов автоматски плц уред за тестера. Служи за автоматика на команда за отсек на цевка. Полесна и поедноставена работа со овој уред.

Опрема за плазма сечење е ставена во употреба на крај на 2019 година се употребува за отсек на цевка и прстени за испитување на квалитет на завар. Овој уред почнува со целосна употреба и е заменет со нов заради дотрајност и квар на старата опрема за плазма сечење.

**Предложени мерки и нивно спроведување:**

Наодите и предложените мерки се прифатени од раководните лица и е спроведена нивна имплементација која се следи од страна на Службата за внатрешна ревизија.

Идентификуваните наоди имаат нискоризичен карактер и немаат материјално значење за друштвото.

**Реализација на поставените цели според годишниот план на Службата за внатрешна ревизија:**

Службата за внатрешна ревизија во текот на 2020 година работеше согласно усвоениот годишен план за истата година.

Активностите коишто се наведени во планот се делумно исполнети и согласно расположливите временски рамки и човечки ресурси. Имплементацијата на новиот софтвер е делумно успешно поставена останува да се работи на доработка на системот и истиот да се прилагоди за користење од страна на останатите сектори.

**Годишен план за 2021 година:**

Во текот на февруари 2021 година беше изработен Годишниот план за работење на Службата за внатрешна ревизија за 2021 година и истиот е усвоен од страна на Одбор на директори.

Служба за внатрешна ревизија